Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО/СКРИПТА „ЏЕЗ САКСОФОН – ПРАКТИКА И ВЕЖБИ“ ОД ДОЦЕНТ М-Р ГЕОРГИ МИЦАНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/2009 и 99/2009, 115/2010 и 17/2011 год), а во согласност со точка 6 од правилата за издавање на учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 12), научно-уметничкиот-наставен совет на факултетот за музичка уметност на седницата, одржана на 15.2.2012 година, донесе Одлука бр. 1902-105/8 од 16.2.2012 за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/скрипта по предметот матичен инструмент – џез саксофон. За рецензирање на ракописот „Џез саксофон – практика и вежби“ од авторот м-р Георги Мицанов е избрана рецензиона комисија составена од следниве рецензенти:

- д-р Илчо Јованов, вонреден професор на факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и
- Антонијо Китановски, доцент на факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на приложениот ракопис / скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од авторот м-р Георѓи Мицанов, наменет за студентите од насоката џез саксофон – прв циклус студии на факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, рецензионата комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Скриптата „**Џез саксофон – практика и вежби**“ од авторот **м-р Георги Мицанов** е компатибилен со Наставната програма на предметот Матичен инструмент – џез саксофон, што се изучува на насоката Џез саксофон на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на додипломските студии (прв циклус). Предметот е основен предмет на насоката Џез саксофон. Се изучува во сите осум семестри и согласно со сите постоечки наставни програми на единицата се вреднува со 8 кредити. Ракописот е напишан со нотно писмо, како што впрочем се напишани и повеќето скрипти по уметнички наставни содржини на ФМУ што е една од карактеристиките на оваа единица. Во ракописот се разработени изведувачки вежби, со цел да го водат студентот низ реализацијата на практичната примена на стекнатите знаења и усовршени вештини. Пишаниот материјал ја третира проблематиката на еден од поважните аспекти на изведбата во современ џез манир, особено изразена во доменот на импровизацијата.

Првата половина на овој музички текст е посветена на воведни или таканаречени вежби за загревање. Изведбата на различни скали во краток временски интервал претставува особен технички проблем. Истовремено интелектуалниот напор и концентрацијата на слухот се доведени граници блиску до екстремните. Изразената хроматика во рамки на дијатониката во овие вежби е карактеристична за музиката на 20 век.

Следува поглавјето посветено на музичките каденци. Ова е сосема логичен пристап на организација и е особено значаен што конвергира кон најзастапената каденца во џез музиката, односно II-V-I.

Наредниот сет вежби е посветен на интервалските мотивски конструкции што претставува нов предизвик за студентот. Тука се акцентира поинаков агол на третирање на хроматиката, оној поблизок до звучната боја отколку тоналитетот.

Потоа авторот упатува кон истражување на „тоталната“ хроматика односно хроматската скала без интарвалско шаренило и едноставен ритам составен од групи од по четири осмини ноти.

Последниот дел од текстот содржи два примера на примена на севкупниот материјал претставен во оваа скрипта во доменот на импровизацијата. Повторно се работи за хроматика во рамка на дијатоника, познат третман на проблемот на хаосот по распадот на традиционалистичкиот пристап и тоналитетот, третман кој од историјата ни е познат од делата на Стравински, Елингтон, Дебиси, Берлиоз, Вагнер...

Особено плени концизноста при презентацијата на изложените тематски поглавја. Имено, примерите во најголем дел се претставени во еден тоналитет или најмногу во дурска и молска варијанта. Со тоа се поттикнува студентот да ги истражи можностите на преостанатите единаесет тоналитети, а скриптата содржи единаесет пати помалку страници. Текстот е податен и користен за студенти со различни нивоа на музички развој и е навистина користен како помагало во сите семестри на изучување на предметот Матичен инструмент-џез саксофон. Но и повеќе од тоа, оваа скрипта секако може да се користи во наставата на останатите мелодиски инструменти, но и при изучување на музичката композицијата и напреден солфеж.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало/скрипта, претставува извонредна основа за подготовка и усовршување на студентите во делот на практичните изведувачки барања на предметот Матичен инструмент-џез саксофон  за студентите по џез студии, насока Џез саксофон на ФМУ при Универзитетот „Гоце Дечев“ - Штип. Концизно, постапно и експлицитно презентираната проблематика дава голема можност за користење на овој материјал во наставниот процес

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебно помагало/скрипта „**Џез саксофон – практика и вежби**“ од авторот **м-р Георги Мицанов** разработува еден од покомплексните аспекти на музичката изведба во џез идиом на инструментот саксофон. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Матичен инструмент – џез саксофон, што го изучуваат студентите по џез студии, насока Џез саксофон, на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Рецензентската комисија предлага ракописот „Џез саксофон – практика и вежби“ од авторот Георги Мицанов да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од насоката Џез саксофон на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот  „Гоце Делчев” – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**
**Антонијо Китановски, доцент, с.р.**